# ГОЛЕМАТА ПРЕСЕЛБА НА НАРОДИТЕ

# И СЛУЧУВАЊАТА НА БАЛКАНОТ

Големата преселба на народите почнала да се чувствува на Балканот уште во III век.

Во IV век **Западните Готи** започнале интензивно да навлегуваат на територијата на Римското Царство. Во почетокот на V век, Источното Римско Царство дури и им нудело на Готите земја во Тракија и им давало на нивните племенски водачи војнички функции само за да ги придобијат и да ги стават под државна контрола. Изложени на притисоци од источно римската војска и постојано војувајќи со своите соседни племиња, Западните готи во V век се раздвижиле кон запад освојувајќи територии од Западното Римско Царство.

По заминувањето на Готите, сериозен проблем за Источното Римско Царство, станале **Хуните** кои создале племенски сојуз во Панонија и од таму напаѓале на југ. Источното Римско Царство се спасило од Хуните со договор со хунскиот водач Атила, според кој Источното Римско Царство требало да му плаќа годишен данок на Хуните. По смртта на Атила Хунскиот племенски сојуз се распаднал.

И **Источните Готи** биле проблем за Источното Римско Царство. Тие во своите походи се спуштале на југ дури до Солун и пустошеле се пред себе. Источното Римско Царство се спасило од нив со постигнат договор со кој Источните Готи предводени од Теодорих се упатиле кон територијата на Одоакар во северниот дел на Апенинскиот полуостров, го поразиле и во 493 година создале Источно Готско Кралство со седиште во Равена (Равенско Кралство).

Покрај веќе споменатите групи племиња, од крајот на V век и почетокот на VI век на Балканот започнуваат да се доселуваат и **Словените**. Нивната прататковина им е зад Карпатите, помеѓу реките Днепар и Днестар. За Словените (или дел од Словените) се употребува и изразот АНТИ. Долго време реката претставувала природна препрека која го спречувала масовното доселување на Словени на Балканот. Од крајот на VI век до средината на VII век, Словените заедно со Аварите масовно ја преминуваат реката Дунав и трајно се населуваат на Балканот, на територијата на Византија. (**Аварите** се западно-азиски племиња кои живееле на територијата на денешен Казахстан, Узбекистан и Туркменистан. Тие во Панонија во средината на VI век создале свој Хаганат, но набрзо потоа им се губи трагата низ историјата, што упатува на тоа дека истите биле асимилирини од соседните посилни племиња)

Словенски племиња кои се населиле најјужно на Балканот биле Милинзите и Езерците, кои се населиле на Пелопонез. Византија успеала да ги сочува од налетот на Словените само поголемите и добро утврдените градови како Солун, Драч, Задар, Дубровник и др.)

На територијата помеѓу реките Лим, Ибар, Дрина и Западна Морава се населиле словенските племиња Срби, кои живееле во помали територијални

заедници нарекувани жупи. Во средината на IX век кнезот Властимир ги обединил жупите со што се создала српската држава **Рашка**. Синовите на Властимир го прифатиле Христијанството кое станало религија и за останатите жители на Рашка. Во X век, Рашка потпаѓа под Бугарска власт, а потоа под власт на Цар Самуил. Потоа Рашка е освоена од Византија.

И на територијата меѓу Котор и р.Бојана се населиле словенски племиња организирани во жупи. Во втората половина на X век кнезот Владимир завладеал на таа територија, со што се создала државата именувана како **Дукља**. И оваа држава била освоена од Самуил, па потоа од Византија. Во XI век во Дукља кренато е антивизантиско востание и обновена е државата, но под името Зета. Оваа држава подоцна се проширува врз Босна, Захумље и Рашка и се поистоветува со поранешната српска држава Рашка.

**Во Македонија** се населиле неколку словенски племиња:

- Сагудати – Во близина на Солун
- Драговити – во средниот и долниот тек на Вардар
- Ринхини – на Халкидик
- Струмјани – по р.Струма и Струмица
- Смолјани – по р.Места
- Берзити (Брсјаци) – Од денешен Велес до Преспа и Охрид
- Велегизити – по р. Бистрица, најјужно во Македонија

Словените во неколку наврати се обидувале најголемиот и најбогат македонски град Солун, но сите обиди биле неуспешни.

Првиот словенски напад на Солун бил во 584 год, вториот во 586 (заедно нападнале Словени и Авари). Третиот напад бил во втората деценија на VII век под водство на кнезот **Хацон**. (Хацон бил заробен и убиен од Византијците) Четвртиот напад бил во втората половина на VII век. под водство на кнезот **Пребонд**. Овој напад имал за цел да ја обнови Македонската држава. Пребонд бил заробен и убиен.

Со доаѓањето на Словените на Балканот и во Македонија, дел од староседелското население се иселило од низинските предели и се населило по планините. (Дел од научниците тврдат дека денешното влашко население (ароманско население) е токму тоа староседелско население од пред доселувањето на Словените на Балканот).

Доселените Словени прифатиле дел од културата, верувањата и традицијата на староседелците и нивното етничко име, но го наметнале својот јазик. За тоа сведочат промените на топонимите на пример во Македонија.

Со доаѓањето на Словените:

реката Аксиос → Вардар
реката Еригон →Црна река
градот Тесалоника →Солун
градот Хераклеа Линкестис →Битола
градот Скупи →Скопје
градот Астибо →Штип
... и т.н

Териториите кајшто живееле словенските племиња се наречени СКЛАВИНИИ, на чело со кнез, рекс и сл. Покрај нивните племенски имиња за словените кои се доселиле во Македонија се употребува и изразот Македонски Словени.




Карта на Балканот со Словенските племиња во Македонија